БИЛТЕН Бр.2

# 46.

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - ПРИЛЕП






ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ
(1875-1951)




10-16 ЈУНИ 2011

# ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ 060
# МТФ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" 046

*Се навршуваат 60 години од смртта на Војдан Чернодрински, патронот на Македонскиот театарски фестивал!*

*Македонското милениумско театарско дело секогаш имало светли точки! Еден од ѕвездените блесоци, бесценет за Македонскиот театарски фестивал и воопшто за македонското драмско дело е Војдан Чернодрински.*

*Овој зрак го чуваме оти ја грее душата, ги осветлува и зацврстува корените на македонската самобитност!*

*Денешниот Фестивал со право е фокусиран на одбележувањето на шеесетгодишнината од смртта на Војдан Чернодрински, на големиот македонски театарџија.*

*Македонскиот театар има уште многу да го открива својот однос со патронот на Фестивалот. Војдан Чернодрински е основата на македонскиот театар . Симболичкиот праташко на македонските театарски дејци.*

*Треба да се откријат начинот иврската меѓу театарот на Чернодрински и театарот по Чернодрински!*

*Затоа, мегдан за мислења, дискусии и за збогатување на македонската театарска историја има!*

*Годинашниов Фестивал со чест и гордост му го посветуваме на патронот. Не само поради годишнината, туку да потсетиме на вредностите и корените во македонското драмско творештво. Секогаш има простор за надградување, осовременување, за создавање.*
*Чернодрински се врати дома!*

*НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ТРАЈЧЕ ИВАНОСКИ - ПЕПИ, актер*



# ТЕАТАРОТ - СО ЉУБОВ И ЗАСЕКОГАШ

***Во народниот театар работи од 1965 година. Во досегашната кариера оставил длабоки траги со својот ангажман (редовен и впечатлив) играјќи ројли со предзнакот главни, стожерни... Настапувал во дела на домашната драмска продукција, но и во светската драматургија. (Протасов во "Деца на сонцето", Креонт во "Антигона", Агатон во "Нажалена фамилија", Аџи Трајко во "Бегалка", Горчин во "Скок преку кожа", ролјите во комедиите на Миле Попоски, Киро во "Полковникот птица")***

**Како ја доживувавате годинашнава награда, што претставува таа за Вас?**

**Т.И.:** Хм... Наградата за животно дело не може поинаку да се доживее, освен како своевидно признание за едно минато време, за еден вложен труд. Остава силен печат, предизвикува голема возбуда и создава страшен порив за понатамошно “чекорење”, независно од возраста!

Наградата ми е уште помила, бидејќи ја добив во “пакет” со уште други двајца доајени во тетарската уменост (Џумерко и Коле), инаку, и мои извонредно блиски, лични пријатели. Ние тројцата сме “група” која даде огромен придонес во создавањето на “македонскиот бренд”- “Солунските патрдии”. Таа претстава, која за 45 години со задоволство е гледана насекаде ширум светот, благодарение на суптилноста и огромната креација- прилепскиот театар, на кој припаѓам и јас, го доведе до еден врв, го направи камен-темелник, цврст темел врз кој се “гради” и македонскиот театар, воопшто....Значи, НАГРАДАТА, не ја доживувам само како своја, туку, напротив, таа е од сите, од целиот театар, од сите поклоници на театарската уметност. Затоа толку сум горд на неа, торжествено е чувството што во овие моменти ме преплавува.

**Вие, и покрај тоа што официјално сте “пензионер”, сепак, одлично им парирате на младите актери. Како успевате во тоа, од каде ја црпите таа енергија?**

**Т.И.:** Во секоја претстава сум влегувал и влегувам со огромна љубов, со сета душа и срце, влегувам целиот јас, а тоа, верувајте, нема никаква врска со возраста. Таа енергија која доаѓа од моите помлади колеги, ја чувствувам многу лично, и токму тоа ме прави “поеднаков” со нив. Нема тука никаква тајна, ги почитувам нивната младост, знаење, енергија, љубов и посветеност кон Театарот, и тоа не ми е срам да им го признаам. За сметка, пак, на тоа, тие знаат искрено да покажат дека го ценат моето искуство, но, и мојата силна желба, да бидам дел од нив, да не би да им приперчам во работата, да бидам, ако не еднаков, тогаш,



многу блиску до нив и до она што тие умеат да го извадат на сцената. Како ансамбл, иако припаѓаме на различни генерации, ние сме многу компактни, меѓучовечките односи се одлични, на што можат да ни позавидат многу други. Можеби, една од причините што многу врвни режисери сакаат да работат со прилепскиот театар е токму тоа што ние дејствуваме и работиме според онаа: "Еден за сите - сите за еден, а еден без друг - никој за никаде!"

**Напливот на модерниот, алтернативниот тетатар за сметка на класичниот, последниве години е реалност, од која очигледно не може,(а може и не треба) да се избега. Кој е вашиот став ако се има предвид фактот дека вие припаѓате на една друга генерација актери, која, пак за среќа, одлично се вклопува во современите театарски текови?**

**Т.И.:** “Образованиот кадар со кој во моментов може навистина гордо да се пофали прилепскиот тетатар се судира со еден друг, поинаков карактер на доживување и претставување на тетарската уметност. И тоа, според мене, сосема е во ред. Да се разбереме, јас немам ништо против алтернативниот, модерниот тетатар, тој е неминовност и јас го прифаќам тоа. Иако, понекогаш, можеби е и добро да се види оној “класичен” театар. Еве сега, ме потсетивте на една изрека од нашиот уважен колега и професор, Илија Џувалекоски. Тој знаеше да каже: “Јас го сакам театарот со чинови, со спуштање и кревање на завесите, со паузи меѓу чиновите”. И јас велам така, ама, ако реално се гледаат работите, тогаш, мора да признаеме дека кај нас тетарскиот пазар е многу мал и затоа младите, образовани актери бараат “вентил” за себедокажување”, за да ја исфрлаат таа енергија од себе. Тие тоа го наоѓаат токму во тој, алтернативен театар. Затоа, го разбирам неговото постоење, а мислам дека и на тетарската публика тоа не и пречи. Еве на пример и “Антица” спаѓа тука, а за само 7 месеци има преку 30 поставки. Значи, некој сака да не гледа и притоа да ужива во тоа.

**Кај уметниците воопшто, а особено кај театарските работници, класично “пензионирање” нема. Вие, официјално сте пензионер, но, велите дека продолжувате да работите со “полна converted пареа”. Велите дека без театарот, едноставно, не можете?!**

**Т.И.:** Јас не можам, во ниту еден момент да се замислам себе си како “пензионерските” денови ги трошам на играње табла, шах, карти, или, седење на клупите по парковите. Мене, театарот, односно ангажманот во него е она што ме одржува. Не сакам никогаш залудно на Бога да му ги крадам деновите. Не сум јас класичен човек што може мирно да ги ужива пензионерските денови. Мене ми треба “акција”, движење. Токму затоа, во моментов во преговори сум за пет нови проекти и со намера сум сите да ги прифатам. Секако, и да ги сработам како што треба.

# Гледавме . . .



НУЦК "Марко Цепенков"- Театар "Војдан Чернодрински" - Прилеп
**"Антица"** од Ристо Крле
Режија: Бранко Брезовец
Музика: Марјан Неќак
Кореографија: Кире Миладиноски
Играа: Викторија Степановска, Марија С. Илијеска (Сузана Брезовец), Андон Јованоски, Трајче Иваноски, Најдо Тодески, Виолета Чакарова, Игор Трпчески, Петар Горко (Марјан Чакмакоски), Димко Вандески, Милан Секулоски, Александар Степанулески, Наташа Наумоска, Катерина Чакмакоска, Димитрина Мицкоска, Владимир Ѓорѓијоски, Димитар Ѓорѓиевски, Александар Тодески, Зоран Иваноски, Димитар Црцороски, Никола Настоски.

# Претставата . . .

**Бранко Брезовец,** режисер: За "Антица" сега да се постави мислам нема друг начин од овој . Драмата е напишана во друго време, но мора да се каже дека сета енергија, сиот тој интензитет, политичките и социјалните односи, денеска се актуелни. Сето тоа Крле многу добро го пренел и затоа лесно беше истото да се пренесе и во претставата со толкава временска дистанца откако е напишана. Само прашање е колку може и мора тоа да се осоврмени. Треба да се избегне да не се добие таа непотребна иронија. А во секој случај треба да се задржат тој патос, таа тежина. Тешко е да се задржи старото, а да прозвучи како ново. Но Ристо Крле мора да се задржи, да го има.

**Викторија Степановска,** актер: Претставата се игра 27-ми пат. И овде пред фестивалската публика се чувствува истата енергија. Одлично одигравме, публиката вистински реагираше зашто играме пред неа, речиси очи в очи.

**Андон Јовановски,** актер: Задоволен сум како ја одигравме претставата, ја имаше енергијата, претставата поседуваше точност. Во секој случај, убаво се чувствувам што и се оддолжуваме на најсоодветен начин на публиката.

**Петар Горко,** актер: Мислам дека одигравме многу добро. Прв пат гостувам во прилепскиотн театар. За мене претставата е најдоброто. Публиката ја гледаше во еден здив. Сум играл во претставите на Брезовец и многу добро го познавам неговиот начин на работа. Овој принцип на поставување на "Антица" за мене е одличен.

# Публиката . . .

**Драган Спироски:** Вечерва, "Антица" ја гледав по втор пат... и сега сум сигурен дека ќе ја гледам и трет, и четврт пат... Навистина ми се допадна многу...

**Даниела Ристеска:** Битовата драма "Антица", како синоним на македонската исконска непокорност, прикажана на овој начин, како што ја видов вечерва, мислам, дека зборува многу за тоа колку огромни се актуелните можности на прилепскиот театар.

**Славчо Дунимаглоски:** Кога дојдов да ја гледам претставава, бев со сосема други очекувања... очекував класична претстава, според класичен текст....но, видов нешто сосема ново и неочекувано, не беше лошо.

# Гледавме . . .



НУ. Народен театар Битола
**"ОБИЧНА ПРИКАЗНА"** од Марина Ладо,
Режија: Љупчо Ѓорѓиевски
Сценографија: Валентин Светозарев
Костимографија: Благој Мицевски
Музика: Марјан Нећак
Играа: Митко С. Апостоловски, Менка Бојаџиева, Маја Андоновска, Борис Чоревски, Огнен Дранговски, Јоана Поповска, Јулијана Стефановска, Соња Ошавкова, Никола Пројчевски, Петар Спировски
Музички бенд Ливе Фиве: Јасна Василевска, Бојан Колевски, Александар Талевски

# Претставата . . .

"Обична приказна" е претстава која побудува длабоки размисли; што правиме, зошто тоа го правиме и каде не води сето тоа. На многу едноставен начин зборува за смислата на човековото постоење, за заборавените вредности. Може да се каже дека е приказна за љубовта, за животот, кој не е само привилегија на луѓето, туку и на животните. Во претставата љубовта е понудена одлично, до болка добро раскажана и затоа претставува потсет на загубените вредности и бара од нас длабоко да размислиме што правиме.

**Љупчо Ѓорѓиевски,** режисер: "Обична приказна" - затоа што сакав на некој едноставен начин, на едноставен јазик да и се обратам на публиката. Можеби има и димензија на поучност. Време е за ваков тип на претстави, затоа што е очигледно дека се оддалечивме од тие вредности за кои има смисла да се живее. Претставата пулсира директно, конкретно, со неизмерна топлина, емоционалност и отвореност кон публиката. Задоволен сум како комуницираше со прилепската публика. Затоа и се одлучив да ја работам на мала сцена.

**Маја Андоновска,** актер: Среќни сме по секоја изведба на претставата. Некако е толку наша оти поминавме убав процес на работа. Каде и да ја играме, ја играме одлично. Многу е топла и едноставна. Со оглед на тоа што некои вредности во денешницата се загубени, претставата се обидува да не потсети на нив.

**Огнен Дранговски,** актер: Секогашво Прилеп убаво поминуваме. Претставата е емотивна, да не речам срцепарателна. Одлично се претставивме. На некој начин тешко беше да се пренесе на сцена таа емоционалност, да ја искажеме чистината и наивноста во човекот.

**Борис Чоревски,** актер: Прилепчани знаат што е убава и добра претстава, барем јас добро тоа го знам, по долгите години присуство на Фестивалот. Претставата ќе и остане во сеќавање на публиката. Во претставата не е во прашањето што мислат луѓето за животните, туку што мислат животните за луѓето. Тоа е приказната во "Обична приказна". Потребни беа многу емоции да се долови концепцијата на режисерот.

# Публиката . . .

Никола Колески - "Обична приказна" е претстава која на лесен и едноставен начин ни го доловува животот, од раѓањето до смртта. Од раѓање на детето, па и на животното и не потсетува на вредностите.

Виолета - Воодушевена сум од претставата. Животна приказна раскажана едноставно. Немам зборови. Убаво изненадување ни приредија од битолскиот театар.

- Останав без зборови. Трогната сум од убавата приказна која ни ја доловија актерите на битолскиот театар. Секоја им чест.



# Гледавме . . .

НУЦК "Ј.Х.К Цинот" - Театар Велес

**"НОРА"** од Хенрик Ибзен

Режија: Никола Ристов

Играа: Кети Борисовска, Маја Настевска - Љутков, Зорица Панчиќ, Самоил Стојановски, Едмонд Сотир и Александар Ѓеорѓиев

# Претставата . . .

Кога животот се живее со другото јас во нас, кога се обидуваме себе си и околината да ги залажуваме и сметаме дека умешно и успешно ја играма улогата на кукличка во животот, која е слатка, убава и мила, и секој ја сака, тогаш страдањата се најголеми. Претстава за лагата, за измамништвото, криминалот, за другата во неа, тое е претставата Нора по текстот на Хенрик Ибзен. Втемелувајќи го дејствието пред сé врз текстот, Нора е класика која се движи полека, напати и мачно, за да се нагласи секое дејствие, секоја фаза, до кулминација, за расплетот сепак да се, наѕира, да биде тука, но сепак далеку.

**Никола Ристов,** режисер: Нора е класичен, долг текст. Скратувавме за да ја донесеме последнава варијанта. Сепак повеќе не можеше, бидејќи ќе се загубеа многу важни елементи кои ја градат претставата. Задоволен сум од соработката со актерите. Целиот процес течеше возбудливо и точно. А и претставата ја одиграа одлично Имате прекрасна публика, подисциплинирана публика не сум видел. Но, тоа е најверојатно поради традицијата на Фестивалот. Навикнати се да гледаат класични претстави и да ги издржат, што е реткост кај нас.

**Кети Борисовска,** актер: Нора не би можела да се објасни во два-три збора. Најголемата награда е што воопшто ја добив улогата на Нора. Богатство е и некогаш мислам беше и божја работа да се добие таков лик. Нора содржи сé што може да содржи еден женски лик. Се пронаоѓам. На почеток се обидував, од аспек на Кети, како човек, да ја пронајдам Нора. Но, колку повеќе ја играм, толку повеќе разбирам дека Нора веќе се игра со мене. Додека ја подготвувавме претставата бев оптоварена со ликот на Нора. Денонокно размислував и знаев дека е голем залак. Сакав да ја оправдам доверба пред режисерот и колегите. На почетокот малку ми беше страв затоа што имаше голем молк од публиката. По аплаузот разбрав дека е во ред. Внатрешното чувство на актерот е секогаш во ред. Само да го изговориш текстот, го имаш ликот на Нора. Цел живот ќе ја паметам улогата на Нора - најголемиот дар.

**Самоил Стојановски,** актер: Претставата е на репертоарот три месеци. Добро е уиграна и во Прилеп одигравме прецизно. Реакцијата на публиката беше пријатна. Додека играме не размислуваме за награди, туку да го дадеме максимумот во креацијата на улогата. Задоволство е што имаме можност да покажеме со каков актерски потенцијал располага велешкиот театар, со солидна традиција. Не сум велешанец, а веќе осум години стојам зад велешкиот театар. Со инвестицијата за градба на театарот, се создава можност и за доекипирање. Ќе имаме амбиент да понудиме поинтересни наслови, иако и сега работиме со полна пареа.

# Публиката . . .

- Не можам сега веднашда ги средам впечатоците, можеби подоцна.
- Добра претстава, она што ми се допадна е тоа што е поучна пред сé.
- Ме воодушеви начинот на прикажување на дејството.
- Искрено не ми се допадна претставата, можело многу подобро да се сработи. Делата на Ибзен, се сосема суптилни, многу пореално го опишуваат негативното.
- Текст вообичаен, впечатоците се одлични.

# Гледавме . . .



Турски театар - Скопје
**“Арапска ноќ”** од Ролан Шимелфениг
Режија: Слободан Унковски
Сценографија и костимографија: Александар Ношпал
Играат: Танер Сулејман, Осман Али, Фатима Мансур, Зубејде Селимовска, Несрин Таир,Сузан Акбелге, Билјана Јовановска,, Селпин Керим, неат Али, Ерман Шабан, Аксел Мехмет.

# Претставата . . .

Претставата “Арапска ноќ” е приказна за човекот, далеку од себе, втурнат во други простори испреплетена со прашањето дали се оттуѓил. Помладата актерска екипа на турксиот театар, според режисерската концепција, навидум статично, со многу емоции ја раскажуваше приказната за човекот во друга земја.

**Атила Клинче,** директор на Турски театар: Мислам дека со години Турскиот театар стекна прекрасна публика на Фестивалот. Тоа и вечерва се докажа. На вистинските уметници секогаш им се аплаудира. Годинава Турскиот театар на Фестивалот дојде со претстава по текст од современ германски автор кој во Европа многу често се игра. Разгледавме неколку негови текста пред да ја почнеме претставата и се решивме токму за “Арапска ноќ”. Младата актерска екипа носи нов потенцијал, нова енергија и мило ми е што работиме нешто современо. А, секако дека тука е и мајсторот на режијата Слободан Унковски кој во последно време не работел во Македонија и посебно задоволство ми е што ја оствaривме соработката. Уште повеќе што дел од таа соработка е со младите актери кои штотуку завршиле Академија.

**Осман Али,** актер: Како минатогодишен добитник на наградата за млад актер на Фестивалот, ја имав, би рекол обврската да го потврдам мојот високо оценет актерски настап на сцената. Затоа бев повозбуден. Имав “багаж” кој требаше да се носи со ланското признание и да се чува, да се потврди. А кај дел од публиката се виде дека поинаку реагира на овој концеп на театарот. Немаше класичн акција на сцената, па некои и излегоа. Но оваа претстава е таква и јас сум задоволен од настапот. Одигравме одлично.

**Несрим Таир,** актерка: Оваа претстава е поинаква од се што сме работеле. Имавме пет различни видувања на пет ликови за една иста случка. Уште од премиерата стигнуваа позитивни и негативни реакции. Позитивните доаѓаат од луѓето кои го разбираат тоа дека може да се игра на сцена и “статично”, а сепак приказната да врие од емоции, а негативните реакции доаѓат од луѓето кои во театарот сакаат да гледаат само акција, трчање. Овде во претставата тоа го нема. Публиката беше интересна, имав чувство дека очекуваше да види кога ќе се раздвижиме.

**Билјана Јовановска,** актер: Ова е многу нетипична претстава. Дури е алтернативна. Досега немам гледано во Македонија ваква претстава и мило ми е што им презентиравме на луѓето еден поинаков театар.Актерски е потешко да се одигра заштo цело време сме на отворено и нема кој да не “спаси” ако згрешиме. Прв пат соработувам со Унковски и задоволство ми е. Секогаше посебно да се игра за фестивалска публика.

# Публиката . . .

**Дејан Мирчески:** Јас сум вљубеник во театарот и тетатарската уметност, ама, вечерва некако не можев да се најдам себе си во оваа претстава. Можеби и поради тоа што, по навика, од Турскиот театар, секогашочекувам квалитетни претстави. Не велам дека “Арапска ноќ” не е добра претстава, но очекував нешто повеќе.

**Диме Симески:** Солидна претстава. Задоволен сум од она што го водов вечерва. ”Арапаска ноќ” е можеби малку пофилозофска постановка, која бара поголема сконцентрираност на публиката.

# Гледавме . . .

Дом на култура "Григор Прличев" - Театар Охрид
**"СРЕЌНИ ДЕНОВИ"** од Семјуел Бекет
Режисер: Градимир Гоер

Кога си поразличен од другите, кога не можеш да го правиш она што на сите околу тебе им претставува секојдневие, тогаш живееш во црн, мрачен свет. И тогаш кога сé околу е темно и сиво, кога не можеш да трчаш и скокаш како и другите, тогаш себепознавањето е најголемо. Но, тогаш, кога тагата и мрачните тажни чувства се опсесија и секојдневие, се откриваат среќата, радоста и надежта за животот. Како да се пронајдат среќните денови? Токму потрагата по среќните денови е претставена во бекетовиот текст, кој, пред сé, е за потрагата првенствено по женсата среќа.

**Горан Стојаносоки,** актер: Среќните денови според Бекет се силна провокација, пред сé, потрага по една голема, вистинска динамика, димензија на несвесното, особено од женската страна. Среќните денови можете да ги најдете, ако човек дојде до себе. Претставата на охридскиот театар практично е претстава од циклусот пред да се формира театарот, покрај "Валкани приказани", "Верона, Верон" и "Европа" во режија на Софија Ристеска и многу други кои беа една репертоарска политика за да може да се покаже квалитетот на артистите и техникаката, да може да биде она што е денес, професионален охридски театар.

**Јасмина Билаловиќ,** актер: Бекет ги соголува работите до нивната суштина, без да се обидува да и се допадне и да ја забавува публиката, така што секогаш е малку тежок да се восприеми, но зборува за суштината на животот со неговата есенција.

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

НУЦК "Ацо Шопов" - Штип
**"Свекрва"** од група автори, режија Софија Ристевска
Играа: Елица Арева, Валентина Ѓорѓиевска, Анѓелка Арсова, Марија Минчева, Милорда Ангелов и Пеце Ристевки



## *Научна трибина: "Селектирани сеќавања Чернодрински - 60 години отпосле"*




Во рамките на 46 МТФ "Војдан Черндорински" денеска се одржа трибина на тема "Селектирани сеќавања Чернодрински - 60 години отпосле", на која повеќемина учесници ги изнесоа своите ставови и гледишта.

**Петар Темелковски:** Многу е возбудлив и епохален поривот на еден наш творец да му биде татковината, и од зад границата надвор, од тогашните амдинистративни граници, да го сочува нашето творештво во себе како кожурец што го негува свиленото бубе, љубовта кон татковината и кон творештвото. Македонија и македонскиот театар во своето долго постоење, секогаш имале светла точка од која се излачувале спектакуларни знакови во форма на свидетели за вечноста на времето. Таква светла точка што го означи своето време и ни го остави да го надоградуваме како доблест, како аманет и одговорност е нашиот Чернодрински. Затоа љубоморно го доживуваме неговото творештво како ревносен дар, како школката својот бисер. Затоа ова издание на Фестивалот му го посветивме нему, на Чернодрински. Има една изрека  која вели "што направивме, што вие ќе направите за земјата." Тоа е кажано пред повеќе векови, го има од "Отело", во последните стихови пред да умре: "Одете и ништо не увеличувајте, кажете што било, сум сторил нешто за Венеција и таа знае". Тој стих ми е основа за моето однесување. Чернодрински стори нешто за Макеоднија и радосни сме што Македонија знае за тоа, знае да го цени.

**Д-р Ана Стојаноска,** уводничар: Трибината има за цел од научен аспект да елаборира неколку клучни топоси поврзани со неговата театарска поетика и практика. Во духот на современите театролошки искуства, кои го позиционираат театарот како место на меморија, оваа научна трибина ќе даде одговор на неколку важни позиции за поетиката и практиката на Војдан Чернодрински во контекст на денешниот театар.

Првото прашање што се поставува е како македонскиот театар, воопшто го чува наследството на Чернодрински? За таа цел првиот темат за дискусија на трибината е Македонскиот театар и наследството на Чернодрински. Прашања на кои треба да се одговори се: Дали македонскиот театар има стратегија и концепт за чување на наследството на Чернодрински и како го искористува? Дали македонскиот театар, посебно режисерите и уметничките директори на театрите создаваат репертоарска програма имајќи го предвид наследството на Чернодрински? И колку, конкретно, се користи зачуваниот материјал и колку се откриваат нови моменти од неговиот голем театарски ангажман?

Втората значајна проблемска точка е приватната меморија, онаа во контекст на театарската и начинот на кој таа се искористува во театарски цели. Прашања на кои треба да се одговори се: Дали се чуваат приватните материјали на Чернодрински и како тие се користат? Колку личната биографија влијае на творечката? Интимната историја на Чернодрински и нејзината релеванција за театарскиот опус и праксис.

Третиот топос е начинот на кој се рециклира неговиот драматолошки и драмски материјал. За таа цел, тој може да се именува како Десеминација, рециклажа и ресемантизација на наследството на Чернодрински. На кој начин македонската театарска практика ја ресоздава

## *Научна трибина: "Селектирани сеќавања Чернодрински - 60 години отпосле"*

поетиката на Чернодрински? Дали само со рециклажа може да се реферира на истата? Кои македонски драмски автори и режисери ја користат драматиката на Чернодрински за десеминација и на кој начин?

Театарот мора сериозно да ги користи придобивките на своите претходници и да ги вмрежува во современите сесветски театарски трендови.

**М-р Христо Петрески,** доцент на Универзитетот ЕСРА зборуваше за ангажираноста и актуелноста на драмските текстови на Чернодрински, меѓу другото рече дека театарскиот простор е мегдан за анализа и оценување на човечките постапки. При тоа, гледачите не се само неми набљудувачи, туку и активни соучесници.

- Тие го губат своето Јас и се идентификуваат не со тоа како некој друг гледа, туку со она што навистина се тие самите... Како автентични историски сведоштва - тие се докази за еден изминат револуционерен пат, за свеста и совеста на Македонците во миграција, за здружувањата и здруженијата, за конкуренцијата, кариеризмот, нетрпеливоста, за личните интереси, борбата за власт, дискредитирањето на дуги собраќа и слично. Војдан Чернодрински е вистински и солиден хроничар на своето време, со релјефен израз на особините и карактерите на главните и најкарактеристични драмски протагонисти, а неговиот писателски ангажман не само што е евидентен, туку е мошне значаен и неменлив, провокативен , драгоцен и се уше актуелен.

**Трајче Кацаров,** драмски автор: - Секогаш кога ќе пријдам кон биографските податоци на личноста, сакам да најдам податоци кои до сега не се забележани и не добиле јавноста. Штипскиот театар ја направи "Македонска емиграција" која не беше поставена никаде. Потоа, откако ние ја инсценираме, повторно никој не се зафати и покрај тоа што ќе кажеме за делата на Чернодрински дека биле пишувани за сцена. Чернодрински педантно водел статистика и ја информирал јавноста за одиграни претстави или за бројот на инсценации. Во 1907 година ќе рече дека се одиграни 1 000 претстави. Тоа го наведува Черндорински да мисли дека е драмски автор. Во 1903г. Черндориски ќе прочита во еден весник дека „тоа и тоа„ се случува со некоја Цвета и тој потоа напишал пиеса. Пиесата морал да ја напише оти пред да почне да ја пишува, веќе закажале нејзина изведба. Во една таква ситуација и сите оние кои се занимаваат со пишување, никој не пишува за нешто што треба да биде изведено тогаш. Во времето на пишувањето не се носел со својата креативна моќ, туку со податоците кои ги добивал од статијата во весникот и од она што го знаел како нем набљудувач на настаните во тоа време. Во она што го напишал, ние бараме драмско дејствие, за мене Черндорински напишал едно применето дело, кое требало брзо да најде примена на сцената. Според мене јас би се задржал на ставот на Илија Милчин кој луто ќе напише: "Доста, Чернодрински оставете го во контекст и не вадете го надвор од таа ситуација зошто и тој не би бил среќен". Черндорински не се појавува во тој степен како што се појавува во македонска крвава свадба.



**Лилјана Мазова,** театарски критичар: - Во моето сеќавање се неколку изведби на "Македонска крвава свадба, кои имаа свое место во театарската меморија на Македнија. Ќе ја спомнам последната изведба, засега, на претставата "Македонска крвава свдба" со високо место во меморијата на театарот, како претстава која го смени кодот на читање на Черндорински на сцената. Тоа е "Македонска крвава свадба" на режисерот Љупчо Ѓорѓиевски на битолскиот

## *Научна трибина: "Селектирани сеќавања Чернодрински - 60 години отпосле"*

театар, одиграна во 1999 година, во рамките на чествувањето на сто години од првата изведба на текстот во Софија во 1900 година. Таа претстава беше сосема нов однос, нов начин на толкување и на изведба на "Македонска крвава свадба" и воопшто на сценското читање мна македонското драмско наследство... Новиот режисерски прочит на старите драми и сценскиот јазик со кои тој нив ги гради, ја потврдија универзалноста на темите. Уште повеќе низ симболите тие остваруваа комуникација во која не беше повеќе битен зборот, туку симболот, знакот, кои се препознатлви за гледачот, во секое време и било каде. Оваа претстава беше како крик по светлината, по вистината. Го најде клуот за честа и за борбеноста со која таа може да се одбрани.

**Нада Петковска,** професор: - Феноменот Чернодрински, кој со целокупната своја појава и дело, што се неодвоива целина, претставува наратив, рememоризиран во делата на повеќе современи драмски автори... Во периодот на постмодерната, актуелна е ремомеморизацијата на ликот и делото на Чернодрински. Се работи за "Чернодрински се враќа дома" од Горан Стефановски "Балканот не е мртов" од Дејан Дуковски и Спиро Пирчев - Царо од Сашко Насев, кои го користат Чернодрински како литературна предлошка врз која ги градат своите текстови, но со една разлика, додека за Дуковски и Насев појдовна точка претставуваат самите дела на Чернодрински, кај Стефановски тоа е самиот Чернодрински. Зошто Чернодрински? Затоа што тој со неговата појава, со целокупната политичка, уметничка/театарска дејност за Македонците добива значење на голем наратив.... Текстовите на овие автори преку дијалог со традицијата, реализиран како игра на фактографијата и имагинацијаа, на цитатот, на оригинален начин го враќаат делото на Чернодриснки повторно дома, во еден променет свет, кој на нов начин ја доживува својата историја, кој на нов начин комуницира со неа, без патетика, со примена на ироничниот код со кој се разобличува официјалната историја, но секако со свест дека тоа минато обврзува.

**Александра Бошкоска,** театарски критичар, се потсети на неколку претстави, меѓу кои "Фак ју" која се родила како логично продолжение на една струја на крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години од минатиот век.

- "Фак ју" својата прва премиера ја има на ФДУ во 1995 година. Патешествието започнува како испит по режија од трета година на Искра Стојковска. Сама ја прави структурата на драмската предлошка која се состои од сцени од "Македонска крвава свадба" и стихови од збирката американска андеграунд поезија "Фак ју". Во текстот следат ликовите на Чернодрински во различни временски контексти. Само пет лика се носители на дејствието. Два овчара и Крста и Петкана се појавуват со кратки сцени, но како сенки ги играат истите актери. Истите актери ги играат и другите ликови што се појавуваат како интервенција на авторката, режисерката, како што се критичарите и писателот, односно спикерот. Во текот на процесот се придружуваат свирач на кавал и уште еден лик, кој влегува како сенката на Цвета, Петкана и една анамка. ..

**Игор Трпче** , актер и режисер: - Во 2002 година бев претседател на синдикатот и бев шокиран од чинот што се случи и што го изгубивме ова што го славиме, бев против институционалното укинување на театарот "Војдан Чернодрински" и бев единствен што изреагирав. Го спомнувам ова со надеж дека ќе се исправи таа суштествена грешка. Благодарение на Фестивалот е зачувано името кое декларативно стои на плакатите од театарот.

**ТЕАТАРОТ И НОВИТЕ ФОРМИ**

Д- р Ана Стојаноска ја најави темата на трибината за идната година. Тоа е "Театарот и новите форми".

- Тоа ќе биде сериозен научен симпозиум за следниот Фестивал односно како македонскиот театар се носи со новите медиуми, со новите драмски автори, со новиот начин на изразување во театарот - рече Стојаноска.

*Охридски театар: Добредојде на Фестивалот*

Горан Стојаноски, раководител на Охридскиот театар

# НАШАТА МИСИЈА Е СОЗДАВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ ПУБЛИКА



**Како го чувствувате влегувањето во “семејството” на професионални театри во Македонија односно во фестивалот кој треба да ги вреднува најдобрите годишни остварувања?**

**Г.С.:** Чувството е неизмерно, тоа е толкава среќа што по 57 години, Охрид за прв пат добива професионален театар. Потегот кој е направен од страна на Министерството за култура, е историски чин затоа што Охрид не само што заслужува како место кое е културен бастион на Македонија, туку и екипата која долги 18 години се бореше да се направи тој театар. Да се биде во семејството на професионални театрите, во фелата на професионалното вистинско театарско живеење е екстремно задоволство.

**Оваа година настапувате во придружната програма. Секако тоа не значи дискредитирање. Какви се првите впечатоци?**

**Г.С.:** Тоа е добар чин на прифаќање на театарот во неговата младост. Покрај тоа треба да се запазат и критериумите на Фестивалот. Ние не успеавме да ја направиме премиерата до крајот на април бидејќи тогаш започнавме со работа.

**Министерството рече “да”, а кои се аргументите на страната на охридскиот театар за неговото суштествување?**

**Г.С.:** Имаме простор, донација во комплетно осветлување и озвучување, дипломирани актери. Тоа беше доволно министерството да ја донесе таа одлука да се направи театар. Имавме репертоар во Охрид, минатата година имавме пет премиери што е на ниво на еден професионален театар.

**Многу ве обврзува статусот. Која е Вашата визија за понатаму?**

**Г.С.:** Во основа, најважна работа за нашиот театар е создавање, креирање публика и развивање. Нашата програма во првите две години ќе биде создавање претстави атрактивни за публиката за да може да го одржуваме континуитетот.

**Охрид го има престижниот Охридски фестивал на кој се играат и театарски претстави. Дали охридската публика успеа да се изгради?**

**Г.С.:** Охридската публика има доволно висок критериум за разбирање на квалитетот на театарот, но за жал немаше континуитет. Охридско лето почнува и завршува во месец и половина, а потоа во Охрид живата култура, посебно театарската, беше во една хибернација. Од средината на септември да започнаме со репертоар од три премиери. Во почеток на јули е претставата “Идими дојдими” или “Ни ваму ни таму”, а во средината на август е премиерата на “Буво мистериозо” во режија на Дејан Дамјановски. Ентузијазмот е многу голем. Целата екипа од 6 актери е мултитаскинг екипа која работи и светло и техника, барем за почеток. До 2012 година се надевам дека капацитетите во Центарот за култура ќе се подобрат и во следната година мислам дека ќе се добие базично ниво за да можат да се прават вискоквалитни театарски претстави.

На фестивалот за прв пат гостува драматургот од Хрватска **Дијана Мехек** и ги средува своите впечатоците: -Прв пат сум, воопшто во Македонија и првата претстава што ја гледав на фестивалот е “Антица”. Мора да кажам дека целосно не го разбирам јазикот, но тоа ми го надоместија сценската изведба и аудиоделот. Тоа беше доволно јасно за да ја следам главната линија на приказната. А што се однесува до Фестивалот, многу работи не знам, но основното ми е познато дека е со долга традиција, 46-ти е по ред, ви доаѓаат многу гости и од странство. Останувам до понеделник и ќе гледам уште една претстава.

# А Т М О С Ф Е Р А . . .



Од посетата на Манастирот Св. Илија во Мариово.
Гостите и домаќините на Фестивалот знаеја како да уживаат во неповторливиот амбиент.



Фестивалска журка и за гости и за домаќини.
Прегратките секогаш значат: многу ми е мило што те гледам.
Уште ако некој Ви запее на увце впечатокот е комплетен.






# Ќ Е Г Л Е Д А Т Е . . .

ПОНЕДЕЛНИК, 13 јуни

19.30 часот - НТ"Војдан Чернодрински"
Албански театар
**"Оркестар"** од Ануи, режија Наташа Поплавска

22.00 часот - ЦК"Марко Цепенков"
Мал драмски театар
**"Спиноза"** од Гоце Смилевски, режија Зоја Бузалковска

24.00 часот - НТ"Војдан Чернодрински"
ФДУ Скопје
**"Дон Жуан се враќа од војна"** од Хорват
дипломска претстава по актерска игра во класата на Владо Цветановски и Мими Таневска

ВТОРНИК, 14 јуни

12.00 часот - Сцена 105 на ЦК "Марко Цепенков"
проекција на филмот **"Македонска крвава свадба"**

19.00 часот - НТ"Војдан Чернодрински"
Театар Куманово
**"Силвија"** од Гурнеј
режија на Драгана Милошевски - Попова

21.00 часот - ЦК"Марко Цепенков"
МНТ- Скопје
**"Бесови"** од Достоевски, режија Златко Славенски

22.00 часот - сцена во дворот на црквата Св. Никола во Варош
Културен центар"Скрб и утеха"
**"Џамалари - Дионис"** од Тихомир Стојановски
режија Страшко Милошевски

24.00 - НТ"Војдан Чернодрински"
ФДУ - Скопје
**"Долго патување во ноќта"** од Јуџин О' Нил
дипломска претстава по актерска игра во класата на Ељеса Касо

СРЕДА, 15 јуни

12.00 часот - Сцена 105
Промоција на трите драмски текстови од конкурсот на МНТ

19.30 часот - НТ "Војдан Чернодрински"
Драмски театар - Скопје
**"Геноцид 21"** од Љубиша Георгиевски
режија Владлен Александров

22.00 часот- ЦК"Марко Цепенков"
Театар Струмица
**"Вистинскиот Минхаузен"** од Г. Горин
режија Ненад Витанов

24.00 часот - НТ "Војдан Чернодрински"
Австралиско македнски театар од Сиднеј
**"МР Балкан"** од Нанцу и Д.Ристески
режија Стефо Нанцу

24.00 часот - ЦК "Марко Цепенков"
ЕСРА Скопје
**"Оркестар Титаник"** од Христо Бојчев
дипломска претстава по актерска игра во класата на м-р Роберт Вељановски

46. МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

**Покровители:**
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - Театар Велес
Бранко Ѓорчев - Драмски театар - Скопје
Адем Карага - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски театар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Петар Мирчевски - Народен театар - Битола
Роберт Павлески - Театар Куманово
Кирил Ристоски - Факултет за драмски уметности - Скопје
Валентин Светозарев - Народен театар - Битола
Артан Скендери - Тетовски театар - Тетово
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - Претседател
Бранко Ѓорчев - Член
Адем Карага - Член
Јордан Витанов - Член
Валентин Светозарев - Член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Веби Керими
Лилјана Мазова
Петар Мирчески

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

Билтен на 46. МТФ
“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: “ТИРЕКС” - Прилеп
Македонски театарски фестивал
**“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
НУ Центар за култура “Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@yahoo.com, info@mtf.com.mk
www.mtf.com.mk